РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-928/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-928/1 од 28.02.2024 година, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за претседателски и парламентарни избори во 2024 година против Министерот за ------------------,----------------,---------------,------------ --------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што пријавените наводи не укажуваат на повреда на законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од Изборниот законик.

Предметот со број 12-928/1 од 28.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 28.02.2024 година, е поднесена пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

за претседателски и парламентарни избори во 2024 година, по која е оформен предметот број 12-928/1 од 28.02.2024 година.
Во пријавата подносителот истакнува наводи против Министерот за ------------------,-----------------,----------------,-------------- -------------- за кого наведува дека на социјалните мрежи објавува повеќе содржини од тековното работење на Министерството кои се злоупотребуваат за партиска промоција на политичката партија СДСМ преку хаштаг #Повеќе за сите, кој воедно е и слоган на наведениот политички субјект, а со кликање наведениот хаштаг води кон партиски содржини објавени на партиските канали на социјалните мрежи. Подносителот смета дека преземените активности претставуваат неправилности и нарушувања на изборниот процес. Во прилог како доказ доставува фотографии од објавите на социјалните мрежи од приватен профил на лицето ----------- ------------------ на социјалната мрежа Фејсбук од 09.02.2024 година и од 15.02.2024 година.

ДКСК, по разгледувањето на пријавата, констатира дека наводите содржани во истата не укажуваат на преземање на активности од страна на пријавеното лице кои претставуваат повреда на законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019), чие доследно почитување го следи ДКСК.
Имено, опишаните дејствија во пријавата не се опфатени со забраните наведени во членот 8-а од Изборниот законик и чл.34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не спаѓаат во дејствијата наведени во членот 8-а став 2 од Изборниот законик кој гласи „ не може да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.org.mk

медиум или одговор на новинарско прашање", дотолку повеќе што не се преземени во периодот за кој се однесува истата забрана, а тоа е 20 дена пред отпочнување на изборната кампања, која за изборите за претседател на Република Северна Македонија започна на 04.04.2024 година.

Врз основа на погоре наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, Раководител
Одобрил: С.С.М Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата